Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РСМ бр. 27/141 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 1/18, и Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 30 од Статутот на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво „ЖЕЛЕЗАРА“-Скопје, директорот ја донесе следната

...ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI SHËNDETSOR PUBLIK
...на секундарно ниво "ЖЕЛЕЗАРА"
Poliklinika e nivelit sekundar "ZHELEZARA"
Бр.-Nr. 03-794
23. 12. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување по Јавен оглас бр.1036/2025

1. За извршител на работно место **ЗДР 01 02 В01 010 Советник за материјално и финансиско работење** во Сектор за материјално финансиски работи, сметководство, административни, општи работи и човечки ресурси во ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво „ЖЕЛЕЗАРА“-Скопје, се избира кандидатот:
   **-ЕМИЛИЈА ПЕТКОВИЌ со идентификациски код C18D861**.

2. Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа Одлука
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето и се објавува на веб страната и огласна табла на Агенцијата за администрација.

***О б р а з л о ж е н и е***

По барање на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво „ЖЕЛЕЗАРА“-Скопје, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.1036/2025 во дневните весници „Нова Македонија, „Вечер" „Коха“ и на интернет страницата на Агенцијата, за вработување на административен службеник..

Директорот на Агенцијата за администрација донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас со Решение бр.10-1975/9 од 02.12.2025год во функција да се спроведе постапката за селекција на кандидатите по јавниот оглас во постапката за вработување.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција на кандидатите со Записник бр.10-1975/0 од 09.12.2025година. На ден 19.12.2025 година се спроведе испитот за административен службеник со Записник бр.10-1975/11 од 19.12.2025г и по проверката на веродостојноста на доказите и интервју на ден 22.12.2025 година со Записник бр. 10-1975/13 од 22.12.2025г се достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување.

По добиениот Предлог кандидат за вработување со најголем број на освоени бодови со бр.10-1975/14 од 23.12.2025г, и согласно член 45 став 1 од Законот за административни службеници, Директорот на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво „ЖЕЛЕЗАРА"-Скопје, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука

**ПРАВНА ПОУКА** : Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенција за администрација.

**Доставено до:**

- Кандидатот,
- Агенција за администрација,
- Архива

**Поликлиника на секундарно ниво**
**„ЖЕЛЕЗАРА"- Скопје**
**Директор,**
**прим д-р Љиљана Којиќ**